# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.97 од 12.06.2015 година**

## Член 1

Во Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 87/13, 106/13, 137/13 и 61/15), во членот 20 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Министерството пред склучување на договорот за продажба од членот 19 став (1) од овој закон катастарските податоци од ставот (1) алинеја 2 на овој член ги прибавува по електронски пат од Агенцијата за катастар на недвижности."

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

## Член 2

Министерството е должно во рок од три месеци по влегувањето во сила на овој закон по електронски пат да се поврзе со Агенцијата за катастар на недвижности.

## Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".